| Република Северна Македонија<br>ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ<br>СУ-04-225/20<br>30.11.2020 година<br>С к о п ј е | Republika e Maqedonisë së Veriut<br>GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP<br>AGJ-04-225/20<br>viti 30.11.2020<br>Sh k u p |
|---|---|

Врз основа на чл. 88 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ" бр. 58/2006, 35/2008, 150/10, 83/18, 198/18 и „Сл. весник на РСМ" бр.96/19), и чл. 11 ст.2 т. 1 алинеја 5 ( „Сл. Весник на РМ" бр. 43/14,33/15,98/15,6/16,198/18 и 248/18), и чл. 5 и 26 од Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 59/15 од 26.06.2015 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 88/15 од 01.12.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 52/15 од 26.07.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II – Скопје 02. Су.бр. 8/18 од 17.01.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Скопје II–Скопје 02. Су.бр. 9/19 од 06.02.2020 година, Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 30.11.2020 година, донесе :

# О Д Л У К А

## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОГЛАСОТ 2/2020 ЗА РАБОТНОТО МЕСТО БРОЈ 5 ПОМЛАД СОРАБОТНИК -ПРЕВЕДУВАЧ, КАТЕГОРИЈА В, НИВО В -4

Огласот 2/2020 за работното место бр. 5,Помлад соработник- преведувач, Категорија В, ниво В -4, објавен на ден 07.10.2020 година, **СЕ ПОНИШТУВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот граѓански суд Скопје на ден 07.10.2020 година објави Оглас 2/2020 за вработување на 14 судски службеници, помеѓу кои и еден извршител за работно место бр.5, Помлад соработник- преведувач, Категорија В, ниво В -4. Во огласот се наведени условите кои, согласно Законот за судска служба и Правилникот за систематизација на судот, треба да ги исполнуваат кандидатите за работното место бр.5, Помлад соработник- преведувач, Категорија В, ниво В -4.

Во текот на постапката за селекција и вработување по јавен оглас бр.2/2020 за
работното место бр.5, Помлад соработник- преведувач, Категорија В, ниво В -4, Комисијата за селекција и вработување за работното место бр.5, Помлад соработник- преведувач, Категорија В, ниво В -4 по јавен оглас бр.2/2020, достави Известување СУ-07-775/20 од 27.11.2020 година.

Согласно со означеното Известување, Комисијата констатирала дека во огласот е направен технички пропуст и не е наведен јазикот кој треба да го исполнуваат кандидатите за ова работно место. Бидејќи ваквиот технички пропуст бил од суштинско влијание за продолжување на постапката за избор на кандидат за ова работно место, Комисијата одлучила постапката да ја запре со предлог огласот за работното место бр.5, Помлад соработник- преведувач да се поништи.

Согласно со Правилникот за систематизација на работните места во судот во член 5, во Табеларниот приказ на категориите, нивоата и звањата на работните места, во делот III, „ В“ СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ, точка 12 и во чл. 26, називот на работното место е помлад соработник - преведувач, категорија В, ниво В-4.

Воедно, во означените одредби предвидени се и посебните услови за ова работно местои тоа: Посебни стручни квалификации: стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Работно искуство во струката: со или без работно искуство во струката.Посебни работни компетенции: активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски или германски).

Посебните услови за работното место во Правилникот за систематизација се утврдени согласно со чл. 11 ст.2 т.1 алинеја 5 („Сл. Весник на РМ“ бр. 43/14,33/15,98/15,6/16,198/18 и 248/18).

Имајќи ги во вид означените одредби, секое дополнување во огласот во смисла на наведување на познавање на дополнителен конкретен јазик, како услов за вработување на работното место и доставување на дополнителен доказ на таа околност, е спротивно на законските одредби и одредбите на Правилникот за систематизација на судот.

Со оглед на наведеното, во конкретниот случај се работи за недостатоци кои што не можат да бидат отстранети, поради што следуваше Претседателот на судот да одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ILIR SULEJMANI**